# Наши шуми

БРОЈ 85. МАРТ, 2023

ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



*Ramonda nathalia*
Party Наталиева рамонда
Фото д-р Дејан Манџуковски



Вегетација во кањонот Матка
Фото д-р Дејан Манџуковски

национални ШУМИ
во партнерство со природата

ISSN 1409-785

Импресум ● Наши шуми ● број 85 март 2023

## БЛИЦ

- Свечена академија по повод 75 години од основањето на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" ;
- Усвоена Програмата за работа за 2023 година
- Усвоена Инвестиционата Програма за 2023 година
- Реконструирана ловечката куќа Милисин
- Набавени нови 40 специјални заштитни униформи

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

Последната година во однос на пошумувањето Јавното претпријатие Национални шуми имаше голема поддршка и вклученост на голем број општествено одговорни компании и институции, кои активно се вклучија во есенското пошумување согласно проста и проширена репродукција на шуми, за зголемување на зелените површини.

## ИНТЕРВЈУ

Со Одлука бр. 23-3128/1 од 1997 година, од Влада на Република Македонија се основа Јавното претпријатие Македонски шуми, во кое влегува и Подружницата шумско стопанство Малешево- Берово, како една од триесетте подружници кои влегуваат во состав на јавното претпијатие.
За подружницата Малешево- Берово и за актуелностите во неа разговараме со раководителот Марјан Соколчевски, дипл. шумарски инженер.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

Извештајот за работењето за 2022 година е изработен во согласност со законската обврска од Законот за јавни претпријатија, според која директорот е должен да достави Извештај за севкупното работење за претходната година до Управниот одбор на претпријатието.

04 БЛИЦ
15 ЕДИТОРИЈАЛ
16 ЛОВ
17 РАБОТНА СРЕДБА
18 ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ
20 УСОВРШУВАЊЕ
21 РАСТИТЕЛЕН РОД
25 ИНТЕРВЈУ
29 ИЗВЕШТАЈ

**Весник на ЈП за стопанисување со шуми Национални шуми**
**Издавач:** ЈП Национални шуми ● За издавачот: Валентин Груевски, директор
**Главен и одговорен уредник:** Фатима Шкријељ
**Редакција:** Фатима Шкријељ ● **Издавачки совет:** Валентин Груевски, Safet Miftari, д-р Дејан Манџуковски, Гордана Серафимовска, Борис Пешевски, м-р Маре Басова
**Компјутерска подготовка:** Графо Пром

ЈП Национални шуми, ул.Булевар Климент Охридски бр.68 Скопје, Скопје-тел. 02/2581 080-факс 02/2581 824
**maksumi@mkdsumi.com.mk** ● **www.mkdsumi.com.mk**

## БЛИЦ 01

# ОДРЖАНО ПРЕДАВАЊЕ ЗА РИПАРИСКА (КРАЈБРЕЖНА) ВЕГЕТАЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ КОНТИНЕНТ

На 14-ти декември 2022 година со почеток од 11 часот во амфитеатарот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и еко инженеринг „Ханс Ем" - по предметната дисциплина Фитоценологија, предавање одржа д-р Дејан Манџуковски, раководител на Секторот за уредување на шуми и ловишта и проектирање. Наслов на предавањето беше: Рипариска (крајбрежна) вегетација на европскиот континент. Предавањето беше од отворен тип за сите заинтересирани страни. Предавањето побуди особен интерес кај присутните посетители поради актуелноста на темата, главно поради причината што крајбрежните (рипариски) живеалишта се едни од најранливите и најретки природни живеалишта. Во текот на историскиот развој на растителноста на европскиот континент, крајбрежните области биле многу искористени и последователно доживеале широко распространета деградација. На глобално ниво, заштита и враќање на функционалноста на крајбрежните екосистеми се остварува со пропишување на неколку светски документи. На европско ниво се пропишани транснационални, национални и регионални иницијативи и политики (на пр., Европскиот зелен договор и биодиверзитетот Стратегија 2030 the European Green Deal and Biodiversity Strategy 2030 или Рамковна директива за води на ЕУ [EU Water Framework Directive -WFD]). Во продолжение на предавањето д-р Манџуковски се осврна на синтаксономскиот преглед на рипариската вегетација на ниво на сојузи кои се застапени на европскиот континент од атланската група на острови (Мадеира, Азори и Канарски острови) се до европска Русија, понатаму од медитеранските области, преку централните до бореалните делови на Европа и малоазискиот потконтинент. Беа презентирани и кодовите за Натура 2000 живеалиштата според Прилогот I од Директивата за живеалишта на Европската Унија, особено ако се има во предвид податокот што нашата држава во пристапните преговори за членство во Унијата има за обврска да прогласи одреден дел од територијата НАТУРА подрачја.  На крајот од предавањето, присутните гости имаа време повеќе од половина час да поставаат прашања кои беа одговарани од д-р Дејан Манџуковски. На одржаното предавање беа присутни студенти и професори од факултетот, како и вработени од Јавното претпријатие.






## БЛИЦ 02

# СВЕЧЕНА АКАДЕМИЈА ПО ПОВОД 75 ГОДИНИ ОД ОСНОВАЊЕТО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈСАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ "ХАНС ЕМ"

На 22 декември 2022 година, во амфитеатарот на Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг "Ханс Ем"при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј " во Скопје, се одржа свечена академија по повод одбележувањето на 75-годишниот јубилеј на оваа високообразовна установа.



Свечената академија беше отворена со обраќањето на ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје проф. д-р Никола Јанкуловски, а на јубилејот свои обраќања имаа и претседателот на МАНУ академик Љупчо Коцарев, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Николовски, министерот за образование и наука Јетон Шаќири, како и деканот на факултетот проф. д-р Кирил Сотировски. На јубилејот, меѓу останатото беа доделени плакети и благодарници на лица кои дале свој придонес во развојот на шумарството во Македонија. На свечената академија присуствуваше Директорот Валентин Груевски, Помошниците директори на Сектори, Раководители на подружници и вработени во дирекцијата и подружниците на Јавното претпријатие. Честитки за јубилејот и успешна работа понатаму



## ИЗГОТВЕН НАЦРТ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ

БЛИЦ 03

ЈП Национални шуми како управувач на Заштитено подрачје Малешево согласно Законот за заштита на природата, со поддршка од експерти од Македонско еколошко друштво изготви Нацрт План за управување со заштитеното подрачје.



На 23.12.2022 година во хотел Манастир во Берово, Секторот за оддгледување, подигање, екологија заедно со експертите од Македонско еколошко друштво и претставници од Фармахем, го претстави Нацрт планот за управување со ЗП Малешево пред Советот на засегнати страни. Претставниците од Советот имаа можност да дадат свои мислења, предлози и забелешки кои ќе бидат разгледани и соодветно внесени во Планот.

Како втора точка на состанокот беше разгледување на критериумите за дефинирање на седиштето на ЗП Малешево. На состанокот беа предложени 12 критериуми за одредување на седиштето, истите беа разгледани и усвоени од страна на Советот на засегнати страни.

Со ваквиот пристап Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов уште еднаш го покажа својот партиципативен пристап и својата отвореност и транспарентност при донесување на одлуки во однос на Заштитените подрачја.

На состанокот учествуваа претставници од Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов, шумарските инжинери од подружниците во Берово и Пехчево кои се дел од Заштитеното подрачје Малешево, претставници од Македонско еколошко друштво, претставници од Фармахем и членовите од Советот на засегнати страни.

## ДОНЕСЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

БЛИЦ 04

Во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл. Весник на РСМ бр.12/19), Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми "Национални шуми" п.о. Скопје донесе План за спречување на корупција, каде главна задача ќе биде навременото препознавање на ризиците од корупција и предлагање на соодветни мерки за отстранување на ризиците. Планот треба да биде водич за понатамошните активности кои јавното претпријатие ќе ги презема за борба против корупцијата. Јавното претпријатие како институција која врши работи од јавен интерес има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Притоа јавниот интерес како што е дефиниран во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, претставува "заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на РСМакедонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и слободата на пазарот, владеењето на правото и спречување на криминалот и корупцијата". Годишниот план за проценка на ризици од корупција за 2023 год. е објавен на официјалната веб страна на јавното претпријатие.




## БЛИЦ 05 НАЦИОНАЛНИ ШУМИ НАБАВИ НОВИ 45 МОТОРНИ ПИЛИ

Според Правилникот за посебни мерки за заштита на шумите од пожари, (член 5) во подготвителните мерки е и набавката на соодветен алат и опрема.
За таа цел, ЈП Национални шуми преку Секторот за Заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, согласно Планот за јавни набавки за 2022 година, од сопствени средства, набави 102 грбни прскалки за вода, за прва интервенција при гаснење на шумски пожари.
Грбните прскалки ќе бидат распоредени по Подружниците на Јавното претпријатие Национални шуми според потребите.



## БЛИЦ 06 ОБЈАВЕН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2022 ГОДИНА

Согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата за Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите, како и членот 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019 год.), Јавното претпријатие за стопанисување со шумите во државна сопственост Национални шуми п.о. – Скопје, на официјалната веб страна на претпријатието го објави Годишниот извештај за информации од јавен карактер за 2022 год.
Годишниот извештај е изработен според таксативно набележаните обврски од член 36, според кој на сите побарани информации е одговорено прецизно, со податоци, коментари и карактеристики кои произлегуваат од работата на јавното претпријатие.

## БЛИЦ 07 ДООПРЕМУВАЊЕ НА СЕРВЕР САЛА

Согласно Инвестиционата програма за 2022 година, ЈП Национални шуми планираше и набави Трифазен модуларен УПС систем, со излезна моќност од 10kw со батерии за обезбедување на стандардна автономија, опремен со мрежна SNMP картица, преку која ќе се овозможи автоматски shut down на постоечките сервери, инвестиција вредна 900.000 денари сопствени средства. Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија, со што се овозможува постигнување на подобар успех во работењето. Јавното претпријатие и во 2023 година планира доопремување на сервер салата, со набавка на нова серверска опрема.



# УСВОЕНА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

БЛИЦ 08



На Сто дваесет и третата (тематска ) седница, одржана на 1 февруари 2023 год., Владата ја разгледа Програмата за работа на ЈП Национални шуми со финансискиот план за 2023 година, како материјал за информирање. Програмата за работа претставува збир на поединечните програми на 30те подружници во состав на Јавното претпријатие и е изработена во согласност со Посебните планови за стопанисување со шумите, како и во склад со реалните можности, технички капацитети и човечки ресурси во секоја подружница.

Програмата за работа на Јавното претпријатие е еден од најзначајните документи, со кој се планираат конкретните задачи кои треба да се остварат во тековната година, притоа имајќи го предвид остварувањето на главната општествена задача и основната цел во работењето, а тоа е заштита и одгледување на шумите, како добро од општ интерес. Во 2023 год. ЈПНационални шуми планира да произведе вкупна бруто дрвна маса од 694.372м3. Продажбата на дрвните сортименти ќе се врши врз основа на Правилникот и Ценовникот со цени на главните шумски производи, за домашен и меѓународен пазар.



# ОБЈАВЕН КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ,,СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ,,

БЛИЦ 09


КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
„СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ"
02 2022 00 08

Скопје, декември 2022 година

Ревизијата за успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 год. како пилот ревизија во рамките на Твининг проектот МК 18 IPA FI O3 20 насловен како Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор. Со ревизијата на успешност опфатен е периодот од 2019 до 2021 година, пожарите кои се случија во тој период предизвикаа огромни штети врз шумите и животната средина. Во тој период беше опожарена површина од 29.224, 51 ха или 3% од вкупната шумска површина во државата, при што беше уништена дрвна маса од 594.009,68м3 и е предизвикана огромна материјална штета врз шумите со кои стопанисува ЈП Национални шуми. Според обезбедените докази, стекнато е разумно уверување дека: воспоставениот систем за управување со кризи и заштита од пожари во РС Македонија не ги обезбедува сите потребни услови за ефикасно и ефективно управување со ризиците, како и справување со пожарите на отворен простор. Поради тоа, потребно е да се преземат дополнителни мерки и активности на национално и локално ниво, за да се постигне поголема заштита на животната средина, здравјето и животот на луѓето од пожари.

## БЛИЦ 10 14 ФЕВРУАРИ СВЕТСКИ ДЕН НА ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА



Светскиот ден за заштеда на енергија се одбележува на 14 февруари, а таа дата воедно е можност да се фокусира вниманието на прашањата на одржливост, почитување и заштита на животната средина, како и разгледување на решенијата за заштеда на енергија. Денес, повеќе од кога било, од голема важност е да се размислува за ситуацијата во која се наоѓа нашата планета и како ние можеме да придонесеме и учествуваме во промената со избирање на одржлив начин на живот.

Под заштеда на енергија ги подразбираме сите интервенции и технологии кои водат кон оптимизирање и намалување на потрошувачката и отпадот на енергија. Всушност, станува збор за енергетска ефикасност, суштинско за намалување на влијанието врз климата што произлегува од фосилните горива (нафта, јаглен, метан и други природни гасови). Денес е можно да се користат обновливи енергии кои ги задоволуваат дневните енергетски потреби обезбедувајќи заштеди и безбедност, а со тоа и почитување на животната средина. Затоа е важно производството на енергија да се прилагодува на новите трендови и да се заснова на одржливи, неисцрпни извори или алтернативни форми на енергија. Покрај заштедата на енергија, важно е да се поттикне и енергетската ефикасност, како и да се промовира употребата на обновливи извори на енергија, со акцент на намалување на употребата на исцрпливи конвенционални форми на енергија, а со тоа и намалување на емисијата на $CO_2$ во атмосферата и нама-

## БЛИЦ 11 УСВОЕНА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА ЗА 2023 ГОДИНА




На Сто дваесет и третата (тематска ) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 февруари 2023 година, донесена е Одлуката за давање согласност на Годишната Инвестициона програма на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми. Инвестиционата програма на претпријатието во 2023 година е вложување во отварање, изградба и реконструкција на шумски патишта, набавка на основни средства (градежни машини-булдожери, дизел компресори за потребите при изградба на шумски патишта, трактори со витло и теренски возила со погон на сите оски 4x4), информатичка опрема и останати набавки. Инвестиционите вложувања во претпријатието, се сведуваат на најнеопходните, кои имаат директно влијание за непречено реализирање на Програмата за работа за 2023 година и се планирани во вкупен износ од 112.923.879,00 денари.



## ОДРЖАН ПРВИОТ НАСТАН „УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО“

БЛИЦ 12



Во организација на Град Скопје на ден 17.2.2023 год. се одржа првиот настан за социјален дијалог „Учи паметно, работи стручно“. Целта на настанот е да се креира квалификуван и стручен кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот на трудот, но и ќе ја зголеми вработливоста на младите. ЈП Национални шуми на покана од Град Скопје зема учество на настанот, заедно со останатите претпријатија кои во изминатиот период беа вклучени во истражувањето, преку пополнување на анкетни листови, насочено кон испитување на бараните образовни профили на пазарот на труд, на потребата од нови стручни профили и на можностите и интересот да се организира практична настава за учениците. Следен чекор е склучување на Меморандум за соработка меѓу училиштата и претпријатијата на територијата на градот Скопје, со кои ќе се овозможи зголемен број на часови по практично образование и стекнување на квалитетни практични вештини во различните дејности. На настанот присуствуваа претставници од Секторот за план и анализа, инвестиции и развој, информатички и комуникациски технологии, заедно со претставници од Град Скопје, Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и обука, директори на средните стручни училишта на Град Скопје, претставници од стопанската и занаетчкиската комора, како и локални претставници на приватниот сектор.

## УШТЕ ЕДНО ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ

БЛИЦ 13



Согласно Инвестиционата програма за 2022 година, Јавното претпријатие Национални шуми планираше и набави топловоден котел на цврсто гориво со монтажа во Подружницата Осогово во Кочани, инвестиција вредна 390.900,00 денари со ДДВ, од сопствени средства.
Реализираната инвестиција е во делот на останати набавки во Инвестиционата програма, согласно пазарните цени. Со оваа набавка ќе се подобри квалитетот на работната средина во управната зграда на подружницата.

## ПОТПИШАНО ЧЛЕНСТВО ВО ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

БЛИЦ 14



На ден 24.02.2023 година во Дирекцијата на ЈП Национални шуми, директорот Валентин Груевски и директорот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија м-р Џевад Кицара, потпишаа членство во ИСРСМ. На состанокот беше договорено формирање на нов Технички Комитет за шумите, чија цел ќе биде заштита на животната средина и растителниот и животинскиот свет во шумите. Целта е намалување и ублажување на ризиците од природните последици за животната средина, а Јавното претпријатие Национални шуми има голема општествена одговорност во заштитата на нашите шуми.

## БЛИЦ 15 ОДРЖАН РАБОТЕН СОСТАНОК




На 24.02.2023 година по добиена покана од фондацијата СМСС (Евро-медитерански центар за климатски промени), претставник од ЈП Национални шуми, од одделението за информатички технологии, присуствуваше на работен состанок организиран од СМСС од Република Италија. Работниот состанок беше подржан и од претставник од МНР со цел да се продолжи соработката која започна со одржаните активности во Охрид и Рече, за воспоставување на систем, кој вклучува напредна технологија како што се: камери, сензори и дронови, за превенција од настанување на шумски пожари. Целта на состанокот беше евалуација на можни споделени активности помеѓу ЈП Национални шуми и СМСС на постоечките проекти и презентација на можности за учество во идни проекти поддржани од UNESCO.

## БЛИЦ 16 РЕКОНСТРУИРАНА ЛОВЕЧКАТА КУЌА МИЛИСИН

Согласно Инвестиционата програма за 2022 година, Јавното претпријатие Национални шуми планираше и спроведе реконструкција на ловечка куќа Милисин, која е во состав на подружницата Кожуф во Гевгелија, инвестиција вредна 300.000,00 денари сопствени средства. Ловечката куќа Милисин е објект изграден во 1993 година и се наоѓа во ловиштето Милисин, со кое стопанисува Јавното претпријатие на површина од 10.400 ха, од кои на ловната површина отпаѓа 9.130 ха. Во рамките на ловиштето се наоѓа и оградено ловиште на површина од 317 ха. Милисин е ловиште за крупен дивеч и во него се организира комерцијален лов на дива свиња и елен.
Реализираната инвестиција е во делот на изградба-реконструкција на градежни објекти во Инвестиционата програма на Национални шуми и претставува прва реконструкција од изградбата на ловечката куќа до сега.



## МЕХАНИЧКО ЧИСТЕЊЕ НА БОРОВ ЧЕТНИК

БЛИЦ 17





Во шумско стопанската единица Црн Врв, оддел 44 со која стопанисува подружницата Куманово од Куманово се спроведе акција за механичко чистење на боров четник со телескопски ножици во црнборови насади на непристапни терени. Механичкото чистење на боров четник се спроведе на површина на околу 20 ха, после тоа гранките се спалуваат и се покриваат со земја. Акцијата се спроведе од страна на вработените и во неа учествуваа: шумочуварската служба, шумските работници, шумарските инженери и шефот по заштита на шуми.

Боровиот четник е инсект кој претставува најголема опасност за боровите насади, на Балканот е многу распространет и почесто се сретнува во монокултурни насади на шума. Во нашите шуми често ги напаѓа борови насади кои имаат антиерозивна улога како насипи, покрај патишта и акумулации. Боровиот четник се јавува во долните региони од 500- 600 м.н.в. додека на повисоките надморски височини има само поединечни дрвја кои се особено погодени и можат да бидат целосно покриени со гнездата.

БЛИЦ 18

## НАБАВЕНИ НОВИ 40 СПЕЦИЈАЛНИ ЗАШТИТНИ УНИФОРМИ

ЈП Национални шуми има обврска да презема превентивни, подготвителни и директни мерки за заштита на шумите од шумски пожари. За таа цел, согласно Планот за јавни набавки за тековната година, претпријатието планираше и набави 40 нови противпожарни униформи за гасење на пожари, наменети за вработени од подружниците. Набавката е од сопствени средства во износ од 2.500.000 денари. Специјалните одела ќе бидат распределени во 8 подружници во состав на Јавното претпријатие и тоа во: Ресен, Охрид, Струга, Битола, Свети Николе, Велес, Гевгелија и Караѓица во Скопје. Да ги чуваме нашите шуми, за тие да не чуваат нас



## БЛИЦ 19 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА НАЦИОНАЛНИ ШУМИ



Јавното претпријатие Национални шуми спроведе реконструкција на постоечки кров на зграда на пилана-Дервишица во сопственост на подружницата Голак во Делчево, инвестиција вредна 400.000,00 денари од сопствени средства. Инвестицијата е во делот на реконструкција на градежни објекти во Инвестиционата програма од 2022 година. Активностите беа во насока за санација на постоечкиот кров на зградата, кој беше оштетен во минатогодишното невреме кое ја зафати општина Делчево. Санацијата на кровот на поранешната пилана во сопственост на подружницата е една од повеќето планирани реконструкции на објекти во сопственост на јавното претпријатие кои се во тек.

## БЛИЦ 20 ВО ПОСЕТА НА ПАРКОТ НА ПРИРОДАТА ЗЛАТИБОР



Од 14 до 16 март 10 (десетчлена) делегација од ЈП Национални шуми предводена од Директорот Валентин Груевски, претставници од Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов, инжинерите од ЗП Осоговски планини и ЗП Малешево, претставници од Македонско еколошко друштво и Фармахем беа во посета на Паркот на Природата Златибор во Република Србија. На 14.03.2023 година во седиштето на Паркот на Природа Златибор се одржа состанок на кој од страна на одговорните лица од Србијашуме беше презентиран начинот на функционирање на ПП Златибор, односно неговото уредување, соработка со општините, функционирањето на чуварската служба, наплатување на надоместоци, истражувања кои ги прават во ПП и други активности кои ги спроведуваат на подрачјето. Целта на оваа посета беше да се разменат искуствата и научените лекции во функционирањето на Заштитените подрачја, односно заштитата на природата.

# ИЗВРШЕН ТЕРЕНСКИ УВИД НА ОПОЖАРЕНИТЕ ПОВРШИНИ

БЛИЦ 21



На ден 15.03.2023 година од страна на одговорните лица од подружниците и професори од катедрата по заштита од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс Ем, извршен е теренски увид на опожарените површини во Подружниците во Пехчево и Делчево, во Шумско стопанските единици кои беа опожарени во големите шумски пожари кои го зафатија ова подрачје во 2021 година. Јавното претпријатие беше задолжено од страна на Владата на РСМ да спроведува акција за чистење на опожарените шумски површини во летниот период, а добиената количина на изгорена дрвна маса, што се добива од процесот на чистење да биде исклучиво во сопственост на Национални шуми.

Со извршениот увид на терен, се следи состојбата со присуството на штетни инсекти кои се појавуваат по опожарените стебла во процесот на чистење, а професорите од катедрата по заштита даваат препораки за понатамошно дејствување и справување со настанатата ситуација.

# ДООПРЕМУВАЊЕ НА СЕРВЕР САЛИТЕ ВО ДИРЕКЦИЈА И ВО СЕКТОР УРЕДУВАЊЕ

БЛИЦ 22

Според Инвестиционата програма за 2022 година, ЈП Национални шуми набави 3 нови инвертер клими за обезбедување на квалитетни услови за работа на серверите во сервер собите, инвестиција вредна 120.000 денари сопствени средства. Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија, со што се овозможува постигнување на подобар успех во работењето. Јавното претпријатие и во 2023 година планира доопремување на сервер салата, со набавка на нова серверска опрема.



## БЛИЦ 23 ОДРЖАНА ОБУКА ЗА ПРИМЕНА НА МОДЕРНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО ЗАШТИТА ОД НЕЛЕГАЛНИ ШУМСКИ АКТИВНОСТИ



Во рамките на проектот “Fight Illegal Forest Actions”, во организација на РЕФОРД (Регионален центар за шумарство и рурален развој), на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс Ем – Скопје на 21 март 2023 година, се одржа обука за Примена на модерни технологии во заштита од нелегални шумски активности наменета за лица кои се професионално ангажирани во шумарството. На настанот присуствуваа претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство, United States Forest Service, Шумска полиција, преставници од ЈП Национални шуми, Националните Паркови Пелистер, Маврово и Шара и Македонско Еколошко Друштво. Обуката ја одржаа професорите од катедрата за земјиште и вода, д-р Иван Минчев и м-р Божин Трендафилов. Во рамките на оваа активност е изработено и видео материјал, како и Упатство кое ја прикажува постапката чекор по чекор, за следење на промените во шумската покровност со примена на далечинска детекција. Во упатството е презентирано истражување за шума во државна сопственост, конкретно шумско стопанската единица Брест, која е дел од подружницата Караџица Скопје, преку кое се добиени информации за следење на состојбите со шумските ресурси.

## БЛИЦ 24 ОДРЖАНА НАЦИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ НА НИВО НА ПРЕДЕЛ ВО РС МАКЕДОНИЈА



На ден 30.03.2023 год. со почеток во 09:00 часот во хотел Холидеј Ин, се одржа Националната работилница за управување на ниво на предел во РСМ, организирана од МЗШВ во рамки на програмата "Управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан"- Landscape Fire Management in the Western Balkans Programme, финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка – (SDC), координирана од Фармахем од Скопје, со советодавна поддршка од Helvetas Swiss Intercooporation. На работилницата од страна на проектниот тим, пред присутните претставници од повеќето засегнати институции, беа презентирани главните цели и приоритети на програмата и запознавање со активностите кои следат за формирање на Национална мрежа за управување со пожари. Работилницата ја отвори националниот проектен соработник Бојан Михајловски, а воведно обраќање до присутните имаше заменик министерот во МЗШВ г-ѓа Вјолца Бериша. На работилницата од Јавното претпријатие присуствуваа претставници од Секторот за Заштита на шумите, надзор и внатрешна контрола, од Швајцарската амбасада, од програмата за управување со пожари на ниво на предел во Западен Балкан, од Секторот за шумарство и ловство во МЗШВ, Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг Ханс ЕМ. По одржаните презентации беше отворена дискусија и работа во три групи: Преглед и елаборација на содржината на националниот извештај–World cafe method, по што следуваше и презентирање на работата на групите, идентификување на недостатоците и идни чекори.





## МОЛИТВА

Да појдеш ноќе в шума
Од сите утајум тајно,
На тиха полноќ да втасаш
До едно место знајно.
Ставити трепетни борје
До небо таму се вишат,
Тревите околу бујно
Опоен омав дишат.
Нема да истрпи веќе
Срце што лудува силно,
Со викум ти ќе се фрлиш
На земи дивно и вилно.
Земјо, радост ѝ треба
На една младешка снага.
Лекуј ме, лекуј ме, земјо,
Од немир темен и тага!

Блаже Конески

**Ден на пролетта, шумите и поезијата**

21 март не е само првиот ден на пролетта, туку е и Меѓународен ден на шумите, на белите дробови на светот кои го чистат воздухот, го намалуваат затоплувањето на планетата, а опфаќаат 80 проценти од копнениот биодиверзитет.

Меѓународниот ден на шумите е прогласен од Обединетите нации во 2012 година а денес, таа дата се слави ширум светот, како повик да станеме свесни за улогата што ја играат шумите за заштита на биолошката разновидност, за нивната важноста и незаменлива улога за животот на човекот и планетата, за одржливоста на животната средина и за безбедноста на храната.

Шумите покриваат една третина од површината на земјата и се екосистеми со најголема стапка на биолошка разновидност. Шумите кои претставуваат најразновидна и најраспространета средина на нашата планета, но за жал се и најзагрозени од влијанието на климатските промени, како и човековите активности заради глобалното уништување на шумите, шумските пожари, кое продолжува со алармантни стапки.

Секоја година се одбира тема со која се укажува на важноста на шумата. Темата за оваа година е „Здрави шуми за здрави луѓе“. ЈП Национални шуми денот на шумите традиционално го одбележува со акции за пошумување на повеќе локации во подружниците во состав на јавното претпријатие.

Светскиот ден на поезијата се слави од 1999 година, а во 2021 година во седиштето на УНЕСКО во Париз бил посветен на прославата на 100-годишнината од раѓањето на големиот македонски поет, писател, литературен преведувач и јазичен научник Блаже Конески.

Фатима Шкријељ

# ЛОВ И ЛОВЕН ТУРИЗАМ



На 150 км од Скопје, на дел од јужните падини на Осоговските Планини, на вкупна површина од 15.250 ха се наоѓа државното ловиште "Полаки". Во ловиштето има оградена површина од околу 1.000 ха во должина од околу 25 км, која служи за интензивно одгледување и застрел на крупен дивеч. Разнообразноста на релјефните форми и големата висинска разлика (500-2084м надморска височина), застапеноста на најразлични типови на шуми и изобилство на проточна вода во текот на целата година, овозможува зонално распространување и опстанок на повеќе видови на крупен дивеч.
Во 2018 и 2019 година преземени се мерки за санирање на состојбата во ловиштето и мерки за подобрување на бројната состојба на дивечот, со зајакнување на техничките и човечките капацитети на вработените во ловиштето, преку Програмата за зачувување на природата и проектот за Градење капацитети за одржлив ловен туризам и одржливо управување со дивиот свет на дивечот во ловиштето Полаки, кое е дел од заштитеното подрачје.
Со набавката и поставувањето на објектите и средствата од проектот обезбедено е зајакнување на капацитетите на вработените во ловиштето, можности за мониторинг на дивечот, а со тоа и следење на состојбата на популациите на дивечот во ловиштето, зголемен број на популација на видовите особено горскиот елен, можности за зголемување на ловот и ловниот туризам.



Ловството како посебна профитабилна дејност е тесно поврзана со основните дејности на ЈПНационални шуми и има посебно место и интерес за негово унапредување и рационално користење заради постигнување на поголеми финансиски ефекти.
Јавното претпријатие стопанисува со 2 ловишта за крупен дивеч, со вкупна површина од 25.650 ха, од кои едно е државното ловиште Полаки-Кочани и едно е ловиште под концесија Милисин-Гевгелија.
Терените во ловиштата се со најразлични релјефни форми, богати со проточна вода и различни типови на шуми. Поврзани се со пристапни патишта и опремени со ловнотехнички објекти, каде во оптимални услови се одгледуваат, размножуваат, заштитуваат и ловат обични елени, елени лопатари, срни, диви свињи и друг дивеч.

# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА



На 20-ти февруари во просториите на ЈП Национални шуми-Сектор за уредување на шуми, ловишта и проектирање беше одржана втора работна средба помеѓу преставници од Секторот со преставници на унгарската амбасада во РСМакедонија и ЦЕО компанијата која работи на проекти на регионот од Западен Балкан.

Оваа соработка се темели на првично воспоставената комуникација од страна на трговското аташе на Унгарската амбасада во РС Македонија и писмото на намери за соработка од страна на ЈП Национални шуми. На работната средба беше потврден континуитетот на заинтересираноста на двете страни за проектни активности што резултираше со неколку предлог идеи, кои во пролетниот период треба да се конкретизираат во работна верзија. Г-дин Габор Грем преставник од ЦЕО компанијата која е присутна во регионот на Западен Балкан, потенцираше дека заинтересираноста од унгарска страна е димензионирана и со проширување на работниот тим со експерти од шумарската струка од обете страни. Придобивките од предложените теми за соработка се очекува да бидат насочени кон ублажување на влијанието на климатските промени на локалитети за кој се очекува да бидат најмногу погодени со предвидените климатски промени. На средбата е договорено комуникацијата да се интензивира до следната посета на унгарската делегација, кога треба да се реализира и теренска посета на одбран локалитет за таа намена. Од наша страна беше демонстрирана подготвеност за продлабочена соработка, но и размена на експертиза во доменот на планирањето и управувањето со шумите со заштитен карактер, во насока на квалитетна и издржана рамка на проектни активности што треба да следат.



# ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ



Последната година во однос на пошумувањето Јавното претпријатие Национални шуми имаше голема поддршка и вклученост на голем број општествено одговорни компании и институции, кои активно се вклучија во есенското пошумување согласно проста и проширена репродукција на шуми, за зголемување на зелените површини.
Да ги спомнеме: Британската Амбасада, ДМ дрогерии, Алкалоид, Пивара, Кромберт и Шуберт, Телеком, Прокредит банка, Кине и Нагел, Шпаркасе банка, РЕК Битола, Дени Интернационал, Халк Банка, КБ Прво пензиско друштво, НЛБ банка, Рудници Саса, МЗШВ, како и невладиниот сектор. Сите овие компании дадоа свој придонес при извршување на есенските активности за зголемување на зелената површина, со донација на садници, подготовка на површините за пошумување, логистичка поддршка, техничка помош, како и вклученост со свои вработени во самото пошумување.
Од страна на компаниите на подрачјето на општина Битола, продолжи поддршката и за пролетните акции за пошумување.
Голема благодарност до компанијата Cosmic Development, која за прв пат донира опрема за помош во нашите напори за пошумување и тоа ашови, казми и гумени чизми.
Cosmic Development е софтверска компанија за ИТ услуги за поддршка и брендови со оперативни центри во Србија и Македонија.
Во последните денови од декември во 2022 год. извршено е пошумување во рамки на редовните обврски, во Шумско стопанската единица Анска река, во одделот 20, притоа е пошумена површина од 6 ха. Поради малата надморска висина (150 м) и високите летни температури пошумувано е со садници од дрвен вид багрем, произведен во расадниците на Јавното претпријатие. Во пошумувањето учествуваа вработените од Подружницата Саланџак од Валандово, во соработка со населението од околните населени места. Подружницата многу вложува во добрите контакти со населението во подгорските села и секогаш при вакви акции ги поканува сите заинтересирани. Активностите ги координираа вработени во подружницата: Дипл.шумарски инженери Македонка Стојанова и Амет Алилов.

Исто така во месец декември, во Подружницата Куманово од Куманово се реализира пошумување согласно Проста репродукција на шуми за сезоната есен 2022 година која се изведе на две локации. Првата локација беше во Шумско стопанската единица Црн врв, во место викано Никуштак на површина од 3 ха, засадени се 6.000 садници од бел бор, од вработени во подружницата.
Втората локација беше во Шумско стопанската единица Пелинце-Дренак-Пчиња, локација Костоперска Карпа, на површина од 2 ха, засадени се 2.500 садници од бел бор. Пошумувањето се изведе со помош на вработените од фирмата DRÄXLMAIER Македонија и вработените од подружница шумско стопанство Куманово.
Локациите на пошумувањето се во близина на руралните средини-село Никуштак и село Младо Нагоричане.
Садниците кои тој ден беа посадени се од сопствениот расадник на ЈП Национални шуми -Подружница Куманово.





Пролетните пошумувања продолжија во подружница Кожув – Гевгелија, на ден 13.03.2023 година, заедно со планинарите од Здружението на планинарскиот спортски клуб „Кожув" беше организирана заедничка акција за пошумување во Шумско стопанската единица Конска река, оддел 51а, на површина од 1,5 ха и беа засадени 3.000 садници од багрем, од расадникот од подружницата во Радовиш. Извршеното пошумување е согласно Проста репродукција на шуми според која се завршени сите планирани обврски за 2022 година.

Голема благодарност за долгогодишната соработка на Здружението на планинарски спортски клуб „Кожув" кои активно учествуваат во голем број на пошумувања организирани од подружницата Кожув од Гевгелија.

Во Шумско стопанската единица Дошница 1 со која стопанисува Подружницата Демир Капија од Демир Капија, на ден 18.03.2023 година се изврши редовно пролетно пошумување од страна на вработените во подружницата и извидниците од Сојузот на Извидници на СР Македонија, претставници од Боренка, како и претставници од Американската Амбасада под мотото Засади дрво, засади живот.

Пошумувањето се изврши на површина од 6 ха, со дрвен вид Црн бор, предвидено согласно Посебниот план за стопанисување со ШСЕ Дошница1.

На 24 март 2023 година се пошумуваше во крајбрежниот појас на Преспанското Езеро.

Соработката на ЈП Национални шуми со Македонско еколошко друштво, паркот на природа Езерани во рамките на проектот Преспа-Зачувување на биолошката разновидност во прекугранична соработка, финансиран од ПОНТ- Prespa Ohrid Nature Trust продолжи и оваа година. За таа цел беа засадени околу 1.300 садници од евла кои се произведени во расадникот на ЈП Национални шуми Асамати во Ресен.

Целта на ова пошумување беше обновување на нарушени делови од евлови шуми во крајбрежниот појас на Преспанското Езеро и ова е втора акција која се спроведува на овие делови. На пошумувањето учествуваа вработените од Подружницата Преспа дрво од Ресен, вработени од дирекцијата на Национални шуми, преставници од МЕД, ренџерската служба од ЗП Езерани и преставници од Општина Ресен.

На 27.03 2023 година во место викано Браниград во близина на село Стар Истевник-Делчевско, се изврши пошумување на површина од 2 ха со садници од црн бор.

Површината на која се пошумуваше е опожарена површина која беше зафатена со катастрофалните пожари во 2021 година. Површината е предвидена за санирање согласно Програмата за Проширена репродукција на шуми за 2023 година, според која е предвидено да се санира површина од 51 ха и да се пошумат 102.000 садници од багрем и црн бор.

На пошумувањето присуствуваа претставници од Секторот за одгледување, подигање, екологија и лов од дирекција, претставници од МЗШВ и вработените во Подружницата Голак од Делчево.

ЈП Национални шуми верува во враќањето на заедницата и зачувувањето на нашите природни ресурси и затоа им благодариме на сите компании кои ја поддржуваат нашата мисија за заштита и зачувување на нашето природно наследство за генерациите што доаѓаат.



# НАУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ВО СЛОВЕНИЈА



Во период од десет дена во март 2023 година, д-р Дејан Манџуковски -раководител на секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање беше на научно усовршување во Словенечката Академија на науките и уметностите во Љубљана - Република Словенија.
Тематската област која беше покриена за време на престојот се однесува на примена на софтверски алатки за складирање, обработка и репродукција на податоци од вегетациската наука-фитоценологија. Научното усовршување беше под менторство на врвниот европски фитоценолог проф. д-р Андраж Чарни.
Овие методи се совладуваат во еден подолг временски интервал. Потребата од знаењето на ваков вид анализи е од посебно значење, ако се има во предвид податокот дека најголем дел од шумските, грмушестите и шибјак заедници во Македонија не се доволно научно елаборирани и усогласени со европскиот фитоценолошки номенклатурен систем. Овој вид на софтверски анализи преставува модерен и широко прифатен пристап во решавање на фитоценолошките проблеми. Решавањето на овој проблем преставува основа за вклучување на синтаксономските единици -фитоценози во европските класификациони системи како што се ЕУНИС (класификација на живеалишта), НАТУРА 2000 ( Директива за живеалишта – Анекс 1) и други, заради поточно утврдување на локалитетите на кои се развиваат соодветно добро карактеризирани и научно елаборирани фитоценози со цел зачувување на природата– процес и обврска кои ни претстојат при приклучување за членство во Европската Унија. Исто така, примена на овој модел треба да најде во планирање со стопанисувањето со шумите и управување со заштитените подрачја во ЈП Национални шуми.



# РАСТИТЕЛНИОТ РОД DAPHNE И НЕГОВИОТ ПРИЈАТЕН ИЗГЛЕД

Во природата особено се чести одредени видови растенија кои, на прв поглед, просто пленат со својот изглед, било тоа со своите специфично листови или јадро обоени плодови. Тука веднаш се присеќаваме на специфичноста на тисата (Taxus baccata) со своите силно црвени плодчиња кои всушност се единствениот нетоксичен дел од целото дрво.
Слични вакво растенија се видовите од родот Daphne (ловорки) кои, иако прекрасни, како дел од своите секундарни метаболити ги содржат сериозно потентните токсини дафнетоксин и мезереин кои се отровни за човекот и животните. Овие токсини му даваат на растението извонредно кисел вкус кој е, за почеток, многу тежок за голтање. Но доколку стаса до желудникот може да предизвика болки во стомакот, повраќање, екстремна жед, летаргија и на крај - кома. Овие токсини можат да предизвикаат и отекување и поцрвенување доколку дојдат во контакт со кожата. Покрај овие симптоми, изолираниот мезереин во медицинските експерименти се користи и како умерена канцерогена супстанца која го поттикнува ракот на кожата.
Кај нас природно се јавуваат пет вида од родот Daphne и сите се застапени главно во планински от регион над 900 или 1000 м.н.в. Ова се должи за релативно ксерофилната градба која може да ја издржи суровата клима во високопланинските региони и да се заштиті од прекумерна транспирација. Ловорките се препознаваат по своите листови кои се слични на листот на ловорот (издолжен, тесен и копјест), по топчестите плодови, по грмушестиот хабитус и по нивното природно месторастење (планински региони).
Постојат голем број на култивари на Daphne кои се користат во парковското и пејзажното уредување и затоа треба да бидеме претпазливи имајќи ја предвид заштитата на децата и милениците кои во иднина ќе ги користат тие простори.
А сега да преминеме на разгледување на петте рода Daphne кои се среќаваат во Македонија:



**1) Daphne mezereum (див јоргован, бутинец)**

- Расте како листопадна грмушка до 1,5 метри;
- Освен кај нас распростра нет е и во цел Европа освен во Ирска;
- Според него е именуван и главниот токсин во овие растенија, мезереинот;
- Во Јужна Европа се јавува во субалпските предели на планините;
- Претпочита варовнички почви;
- Кај нас се јавува како примеса на боровите, смрчевите и шумите на борот кривуљ (Pinus mugo);
- На нејзините токсини се имуни некои видови птици кои ја вршат зоохоријата;




Лево - детал од цвет ; Десно - плод




Лево - детал од цвет; Десно - природен хабитус;

**2) Daphne laureola (лисец)**

- Природно е распространета во поголемиот дел од Европа, Западна Азија, Северна Африка и португалските острови Азореш;
- Цветовите на оваа ловорка се без мирис;
- Се смета за мешавина помеѓу родот Euphorbia (млечки) и Laurus (ловори);
- Претпочита базични и варовнички почви но се јавува и на глина;
- Расте во заедница во потстојниот кат на буковиот и црн-габеровите шуми;
- На американскиот континент се јавува како инвазивен вид;






**Лево - детал од цвет ; Десно - природен хабитус;**

**3) Daphne blagayana (Велигденче, кралево цвеќе)**

- Има исклучиво Балкански ареал;
- Значително поситна од другите видови ловорки, расте до 30cm височина;
- Цвета рано напролет и е зимзелена;
- Кај нас е застапен во составот на боровите шуми на Ниџе и Кожуф;
- Тврди кожести листови;





**Лево - детал од цвет ; Десно - природен хабитус**

**4) Daphne cneorum**

- Широк Европски Ареал од Источна Европа до Пиринеите;
- Зимзелена е со ште помал хабитус и од D. blagayana;
- Јадро розеви цветови со силен мирис;
- Името „cneorum“ значи ситна маслинова грмушка;
- Расте на камењари и на рабовите на боровите шуми;
- Претпочита варовнички почви;
- Расте највисоко од останатите видови ловорки;
- Прекрасна единка за алпинетуми;







**Колаж од детали на D. alpina**

**5) Daphne alpina**

- Листопадна ловорка со јужноевропски ареал;
- Расте до 60см;
- Претпочита варовнички почви;
- Има широка еколошка амплитуда, расне од 300 до 2000 м.н.в;
- Црвени плодови и тенки издолжени листови;

Петар Тргачевски
Студент на втора година на Екоинженеринг и екоменаџмент при Факултетот за шумарски науки, пејсажна архитектура и екоинженеринг

# ВО СРЦЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ШВАЈЦАРИЈА



Убавата и раскошна  Малешевија, не случајно ја нарекуваат мала Швајцарија. Со својата богата, дарежлива, а во исто време питома убавина на луѓето кои таму живеат, но и на бројните посетители е вистински рај за очите. Во самиот центар на Малешевијата е градот Берово кој се наоѓа на 867 метри надморска височина, подрачјето е богато со борови, букови и дабови шуми. За дарежливоста на природата зборува и Беровското езеро кое ѕирка меѓу густите малешевски шуми и уште повеќе го  збогатува и разубавува Берово, чии што први населби датираат уште од римскиот период.

За историјатот

Природните услови и нивните карактеристики, во Берово создаваат можности за стопанисување со шумите.  За користењето на шумите пред Втората Светска војна не постојат голем број на пишувани документи. Во отоманскиот период со шумите стопанисувала највисоката османлиска власт кога шумите се давале под закуп од 10 години, со плаќање на посебен данок таканаречениот Ерори канун - закон. За користењето на шумскиот фонд биле издавани тапии, се до 1908 година кога бил прогласен мораториум во искористувањето на шумите.
Во 1928 година почнало разграничувањето на приватни од државни шуми и тој процес траел до 1932 година. Во 1926 година  е извршено првото разграничување на површината на сегашната шумско стопанска единица “Малешевски планини II- Ратевска река”, со што всушност и се започнува со процесот на уредено стопанисување со шумскиот фонд.

По Втората Светска војна сите шуми во Македонија се прогласени за општонародна своина, така да во 1945 година се формира шумска секција, односно горска кооперација. Тогашната шумско стопанска единица “Малешевски планини II- Ратевска река  со решение број 1995  од 26





февруари 1947 година е формирано Републичко шумско стопанство Малешево " Берово, се до 15. 12. 1997 година кога со Одлука бр. 23-3128/1 од Влада на Република Македонија се основа Јавното претпријатие Македонски шуми, во кое влегува и Подружницата шумско стопанство Малешево- Берово, како една од триесетте подружници кои влегуваат во состав на јавното претпијатие. За подружницата Малешево- Берово и за актуелностите во неа разговараме со раководителот Марјан Соколчевски, дипл. шумарски инженер.

**На која површина стопанисува подружницата Малешево Берово и кои се основните карактеристики?**

Подружница шумско стопанство „Малешево"- Берово стопанисува со 20.976 ха државни шуми со можен годишен етат од 42.555 м3 за 2023 година и вкупно планиран бруто годишен етат по Посебни планови за стопанисување со шуми од 33.250 м3 и 8.126 ха приватни шуми.

**Дали подружницата Малешево се соочува со бесправни сечи и кои се мерките кои се преземаат во врска со тоа?**

Согласно измените и дополнувањата на Законот за шуми објавен во Службен Весник на РМ бр.160/2014 год., во член 81, дефинирано е дека правните субјекти кои стопанисуваат со државните шуми вршат реонско чување на шумата и притоа треба да се формираат - шумочуварски реони, односно чувањето на шумите се врши двостепено, шумочуварската служба врши реонско чување на шумите, додека шумската полиција врши контролно-патролно чување на шумите.
Припадниците на шумочуварската служба во шумочуварските реони особено се овластени да го чуваат реонот од бесправни сечи и шумски кражби, да вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрвото во шумочуварскиот реон и на контролните рампи на шумските патишта, да ги легитимираат сите лица затечени во шума, известуваат за појавени шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди во шумочуварскиот реон. За сите бесправни дејствија ги известуваат надлежните органи во правните субјекти за стопанисување со шумите, а против прекршителите се поднесуваат барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган. Заштитата на шумите од шумски штети претставува сериозен фактор во зачувување на шумскиот фонд. Бројот на прекршителите, односно сторителите на шумски штети и кражби на дрво во последните години се зголемува, а со тоа на шумскиот фонд му се нанесуваат значителни штети. ЈПНационални шуми како претпријатие кое стопанисува со државните шуми, ние како Подружница во состан на јавното претпријатие, правиме максимални напори, штетите од шумски кражби да бидат што помали, а на надлежните повисоки инстанци е да определат поголеми казни и тие редовно и на време да се спроведуваат, што секако ќе влијае на намалувањето на дрвокрадството.





За поуспешно справување со бесправните сечи редовно се спроведуваат координирани акции меѓу ЈПНШ, МВР и Шумска полиција.
Податоците за нарушувањата во шумата во однос на бесправно сечење и уништување на дрвна маса се алармантни, се предизвикуваат огромни материјални штети на шумскиот фонд, па согласно на тоа нашето претпријатие вложува огромни напори во борбата со криминалот во шумарството. За таа цел, се вршат инвестиции во делот на заштитата, се зајакнува соработката со сите релевантни институции во системот на заштита на шумите, се вршат заеднички контроли и акции со шумската полиција и МВР, но сепак резултатите не се на завидно ниво.

**Каква е состојбата со шумите и кои се последиците по шумите кои беа зафатени со големите шумски пожари во малешевско-пијанечкиот регион во 2021 година?**

Пожарите кои се случија во Малешевско-Пијанечкиот регион, направија многу штета на дрвната маса која не беше во полна зрелост, голем дел од таа површина, согласно Одлука од Влада на РС Македонија во текот на изминатиот период се чисти и после тоа ќе биде пошумена, а дел од истата ќе пропадне.

**Дали Вашата подружница, како впрочем и во сите останати подружници на ниво на цела Македонија се соочува со проблемот од недостиг на работници?**

Со недостиг на работници и во нашата подружница има сериозни проблеми. За илустрација, во месец декември 2020 година, подружницата Малешево имаше 109 вработени, но со природен одлив преку процесот на пензионирање, смртни случаеви и заминување од подружницата, моменталниот број на вработени во април 2023 година изнесува 69 вработени на неопределено време.

**На кој начин го збогатувате шумскиот фонд? Какви се плановите за нови пошумувања? Кои останати активности во делот на одгледувањето на шумите се во тек?**

Што се однесува за шумскиот фонд во ПШС„Малешево“–Берово, одгледните мерки ги спроведуваме спрема обврските за проста и проширена репродукција на шуми, во поединечните Шумско стопански единици, како и непланирани пошумувања на опожарените површини.

**Дали се планира повторно да се ставаат во функција погоните за хидродестилација и сушара, кој е единствен од таков вид во јавното претпријатие?**






Да, планирано е и треба да се стават во производство и хидродестилација и сушара. Од 2020 година за погонот хидродестилација, одговорното лице замина во пензија. Производите од хидродестилација се извезуваат во Словенија, Франција, Австрија и Хрватска. ПШС„Малешево“ Берово од овој погон обезбедуваше 3-4 лични доходи за подружницата, а месното население обезбедуваше вонредни приходи за своите фамилии со собирање на другите шумски производи.

Моментално погонот хидродестилација е најголем производител на етерични масла во Европа. Во 1994 и 95 година производството на етерично масло изнесуваше 4,5 тони, од чиј што извоз се остваруваа финансиски средства во износ од 1милион германски марки.
Заради големото значење на шумите во животот на населението, локалните народни поети им посветиле значајно место во своето творештво, како што е вечната.

„Блажена горо зелена,
Убава Малеш Планино
Никогаш празна не биваш“



# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2022 ГОДИНА



Извештајот за работењето за 2022 година е изработен во согласност со законската обврска од Законот за јавни претпријатија, според која директорот е должен да достави Извештај за севкупното работење за претходната година до Управниот одбор на претпријатието.

Во извештајот се опфатени, анализирани и споредени со планираното и со претходната година, сите сегменти од работењето, како во производниот, така и во финансискиот дел.

Во 2022 година извршена е сеча и изработка на 484.320 м3 вкупна дрвна маса, односно 75% од планираното. Споредено со претходната 2021 година, индексот на остварено е 1,13, односно сечата на вкупна дрвна маса е зголемена во апсолутен износ од 56.125 м3.

Дотурени се вкупно 281.176 м3 или 58% од планираната динамика за дотур на вкупна дрвна маса, а споредбата со истиот период во 2021 год. покажува дека дотурот е зголемен за 6% или за 17.100м3.

Во извештајниот период извршен е превоз на вкупна дрвна маса од 94.857 м3, а споредбата со истиот период во 2021 год. покажува дека превозот со остварената продажба од шумски склад е зголемен во апсолутен износ за 15.221 м3 или за 6%.

Во делот на продажбата, според податоците од месечните извештаи за производство и реализација на дрвни сортименти, добиени од подружниците, во 2022 година продадена е вкупна дрвна маса од 511.863 м3, а споредбените податоци за остварена продажба со 2021 година покажуваат дека таа е зголемена за 62.156м3.

Начинот на продажба на дрвните сортименти кои ги произведува претпријатието е со: рамковен договор за деловна соработка со годишни договори, годишен договор без рамковен договор и продажба на благајна, односно малопродажба.

Јавното претпријатие во месец декември 2021 год. објави Повик за интерес за склучување на купопродажни договори за техничко и огревно дрво за 2022 година, а во текот на извештајниот период објави Повик за интерес и за опожарена дрвна маса, повиците се објавени на веб страната на ЈП.

Според Пописниот елаборат за извршен редовен годишен попис на средства, состојба на 31.12.2022 година, вкупната залиха на дрвни сортименти на ниво на Јавно претпријатие изнесува 21.337 м3, од кои поголемиот дел е огревно дрво во шума и на шумски пат.

Во извештајниот период претпријатието освен производство на дрвна маса, работеше и во сите други сегменти од својот делокруг на работа и





тоа во делот на: ознака во приватните шуми, изградба и прочистување на шумски патишта, активности во делот на одгледувањето на шумите кои се базираат на обврските кои се пропишани со посебните планови за стопанисување со шумите, односно проста и проширена репродукција, понатаму во делот на расадничкото производство, заштита на шумите од болести и штетници, заштита на шумите од пожари, заштита на шумите од шумски штети, уредување на шумите преку Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање, кој во извештајниот период работеше на изготвување на Посебни планови за стопанисување со шумите, односно изготвување на плански документи во кои се даваат насоки за стопанисување со шумите на одржлив и еколошки принцип, како и Посебни планови за стопанисување со шуми и ловишта.

Во делот на Финансиските резултати податоците за остварените резултати од работењето за 2022 год. се добиени од Годишната сметка за 2022 год. Според Годишната сметка за 2022 год. ЈП "Национални шуми" оствари вкупен приход од основната и другите дејности во износ од 1.743.312.751,00 ден., вкупни расходи во износ од 1.692.669.333,00 ден. и искажува добивка од работењето пред оданочување во износ 50.643.418,00 ден., или 28.529.338,00 ден., по оданочување.
Остварените приходи во 2022 год .во однос на 2021 се поголеми за 11%, или за 172.205.255,00 ден., а остварените расходи се поголеми за 15%, или за 225.583.364,00. Дополнително, во прилог на ова, треба да се има предвид фактот што оваа година почетните залихи се поголеми од завршните за 12.715.469,00 ден., со што се намалуваат расходите и се зголемува крајниот финансиски резултат.
Во структурата на вкупните приходи најголемо учество имаат приходите од продажба (1.120.683.890,00 ден.) кои учествуваат во вкупниот приход со 64,28%, овие приходи во споредба со 2021 год. се поголеми за 10% или за 106.023.377,00 ден.
Во структурата, пак, на вкупните расходи најголемо учество имаат трошоците за вработените (883.339.723,00 ден.), кои учествуваат во вкупните расходи со 52,19% и во споредба со минатата година се поголеми за 2,95%, а тоа се должи главно на зголемувањето на минималната плата од март 2022 год. Веднаш по нив се останатите расходи (454.962.490,00 ден.), каде најголем дел отпаѓа на услугите со карактер на материјални трошоци (235.791.123,00ден.), кои се поврзани со производниот процес и учествуваат во вкупните расходи со 15,71%, а во споредба со минатата година се поголеми за 0,43%.





Анализата на цената на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво е направена врз основа на пресметаните трошоци од работењето на ЈП “Национални шуми “ содржани во Годишната сметка за 2022 година.
Целта на анализата е да се добие приближно точна слика за еден важен сегмент од работењето на подружниците, а тоа се стварните трошоци направени за извршување на основната дејнос( производство на огревно и техничко дрво), искажани во вкупен износ и по единица производ.
Резултатите од анализата упатуваат на одредени сознанија за успешноста и економичноста во работењето на подружниците, односно за степенот на вклопување на нивните трошоци од работењето во продажната цена на основните шумски сортименти, определена според официјалниот Ценовник на ЈПНационални шуми.

Генерална оценка за остварената цена на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво во 2022 година е дека таа е сеуште повисока од просечната продажна цена.
Податоците за остварена цена на чинење покажуваат дека за огревното дрво изнесува 4.261,37 ден./м³ и за техничкото дрво – 3.264,51ден./м³.

Анализираните податоци покажуваат дека, произведената дрвна маса во 2022 год. е поголема од истата произведена во 2021 год. за 13%, а и трошоците за производство на дрвна маса се поголеми за 16%, што зборува за зголемување на продуктивноста од работењето.
Споредбените податоци, пак, со 2021 година покажуваат дека остварената цена на чинење на 1м³ огревно дрво во 2022 год. е повисока од минатогодишната за 6%, додека кај техничкото дрво таа е пониска за 8%.

Остварената цена на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво кај дел од подружниците е многу поголема во споредба со останатите, како резултат на тоа што со прогласувањето на Заштитените подрачја Малешево и Осоговски Планини, како и Националниот парк Шар Планина, дојде до намалување на дрвната маса планирана за стопанска намена во некои од Шумско стопанските едининици, бидејки во ЗП ќе се вршат само одгедни мерки, а со самото тоа се намали и оствареното производство, а во остварената цена на чинење на 1м³ огревно и техничко дрво се прикажани сите остварени трошоци кои се искажани во Годишната сметка на подружницата и тие ја одредуваат цената на чинење по метар кубен.

Гордана Серафимовска
дипл.шум.инж





Campanula formanekiana
Форнакиево ѕвонче
Фото д-р Дејан Манцуковски

национални ШУМИ
во партнерство со природата